CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Број 10

Јуни 2016, Скопје

ИЗДАВАЧ:

Институт за човекови права

ISSN 1857 - 7644

Поддржано од:

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 2

DOES MACEDONIA HAVE AN INDEPENDENT JUDICIARY? 3

ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ИСПОРАЧУВАЊЕ НА РЕФОРМИ ИЛИ ПРОДУЦИРАЊЕ НА НЕСТАБИЛНОСТ!? 8

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА - НЕЗАВИСНА, УШТЕ ЕДНА ПАРТИЗИРАНА И НЕФУНКЦИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА? 15

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД КРСТОПАТ ДО СЛЕПО ЦРЕВО 21

ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА КАКО ТЕМЕЛНА ВРЕДНОСТ НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК: ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ И НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА 31

ВИДОВИ ВКРСТЕНО ИСПРАШУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ КОН КОНСТРУКТИВНОТО ВКРСТЕНО ИСПРАШУВАЊЕ И НАЧИНИТЕ НА НЕГОВО ПРИМЕНУВАЊЕ 36

ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАЈ МЛАДИТЕ РОМКИ 45

МОЛК, ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНОТ 50

ПРЕДГОВОР

Почитувани читатели,

Со задоволство Ве информираме дека продолжуваме со издавање на стручното списание Правен дијалог, овој пат со финансиската поддршка на Цивика Мобилитас. Досега беа издадени 9 броја, а првото издание на Правниот дијалог беше објавено на 20 Ноември 2010 година. Почнувајќи од овој број 10, во иднина Правниот дијалог ќе се издава квартално.

Во времето на издавањето на Правниот дијалог, Институтот доби многу позитивни реакции од страна на домашни и меѓународни институции и организации кои го поздравија издавањето на ова стручно списание оценувајќи го истото како мошне корисно за унапредување на правната мисла, како за теоретичарите така и за практичарите, и дадоа голема поддршка за негово понатамошно издавање.

Тоа и беше мотив да продолжиме со неговото издавање, а со цел во Правниот дијалог да се презентираат мислењата и ставовите за актуелни теми кои ги засегаат правата и слободите на граѓаните во Република Македонија. Правните написи и написите за човековите права играат значајна улога во развојот на демократските процеси во секое општество и преку нив се влијае на развојот на правната мисла и практиката како и нивниот квалитет, а особено имајќи го предвид фактот дека критичкиот пристап во Македонија во последните години е значително намален.

Темите кои се обработуваат во овој Правен дијалог се најразлични, но пред се' ја засегаат заштитата на човековите права, а изготвени се од еминентни експерти за човекови права, професори, правници. Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права.

Се надеваме дека ќе го споделите задоволството што сме и понатаму со вас.

Срдечно,

Маргарита Цаца-Николовска
Претседател на ИЧП

Erwan Fouéré

DOES MACEDONIA HAVE AN INDEPENDENT JUDICIARY?

The principle of independence of the judiciary continues to feature prominently in the ongoing EU accession process. This is as it should be. The independence of the judiciary, a fundamental principle on which a functioning democratic society is based, remains a central part of the reform agenda which each acceding country is required to adopt.

Since 2011, the European Union has placed the rule of law at the heart of the accession process, in order to, using its own words "address fundamental reforms early in the enlargement process". In so doing, it recognized that everything else in a democratic society depends on the rule of law: a functioning economy, a free and fair political system, important role of civil society and its involvement in government policy development, and finally public confidence in the police and judicial system.

This is particularly relevant in the current EU enlargement agenda having in mind the particular characteristics of the Balkan region with high levels of corruption, coupled with weak institutions, political interference in the judicial process and highly politicized public administrations. It is only by tackling these fundamental weaknesses at source that successful reforms can emerge and bring lasting benefits for the countries concerned. Even if this approach makes the accession process more challenging for the candidate countries in that it raises the threshold at the initial phase of the negotiations, if consistently applied, it will nevertheless bring dividends in the long term.

Government interference in the work of the judiciary

Unfortunately the performance record of Macedonia in its reform agenda is one of the worst in the region. All the reports published by the international community, whether by individual governments such as the US, or those drawn up by international entities such as the EU, the OSCE and the Council of Europe, are unanimous in their assessments of the poor record of Macedonia in fulfilling its reform commitments.

The most recent Progress Report from the European Commission speaks of "actual and potential political interference in the work of the judiciary"(*). It builds on the findings of the Special Report of the Senior Experts' Group on systemic rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015, the so-called Priebe report, which was drawn up by highly respected and qualified legal experts from across the EU. This report refers, inter alia, to "Indications of unacceptable political interference in the nomination and appointment of judges was well as interference with other supposedly independent institutions for other personal or political party advantages." (**)

While the wiretapped conversations reveal shocking examples of abuse of power by the ruling party, violations of the fundamental rights as well as direct involvement of senior government and party officials in illegal activities including electoral fraud, corruption, etc., the backsliding in Macedonia's reform record goes back several years. Successive reports from the European Commission, as well as specific reports drawn up by civil society organizations within Macedonia, have pointed to weaknesses in several areas, with little effort by the government to address these weaknesses.

For example in the area of judicial reform, the above mentioned EC's Progress Report states that "little progress was made as regards the independence and impartiality of the judiciary". In the 2012 Progress Report, the European Commission repeated the same assessment. (***). Even in the Progress Report of 2009 when the European Commission recommended that a date be set for the opening of negotiations, reference is made to "documented irregularities regarding recent judicial proceedings have raised questions about the independence and impartiality of parts of the judiciary." (****)These references clearly show that the situation has deteriorated dramatically over the years, despite the government's assertions that it fully respects the independence of the judiciary.

The number of cases instigated by the ruling party against its political opponents which have been the subject of court judgements without due process has reinforced the international community's assessment of repeated selectivity on the part of the state institutions. As highlighted in several US State Department Reports, the Public Prosecutor has systematically engaged in selective prosecutions; examples include charges brought against architecture students in 2010, but systematically refusing to bring changes against those who repeatedly perpetrated violent acts against the LGBT community, or refusing to bring charges against those involved in violent acts in Centar Municipality perpetrated against the Mayor and his office, even though in

each of these cases, all those responsible were clearly identifiable.

The government's emphasis on quantitative rather than qualitative assessment criteria, whereby judges are assessed by the number of cases processed, has also been the subject of considerable and repeated criticism. Indeed the government's obsession with quantity rather than quality, not just in the judiciary, but also in public administration, gives the impression that its approach on the functioning of government and state institutions is based purely on an accounting exercise to substantiate the ruling party's slogan that it is a government working "24/7''. Little effort is devoted to the actual substance of its actions or ensuring effective follow up for legislation adopted. Bodies established under different legislative measures, such as the Commission for Prevention and Protection from Discrimination, or the Agency for the Protection of Minorities, all suffer from lack of funding and qualified staff. Again, these examples are amply documented in the reports relating to Macedonia's reform record.

The Judicial Council meanwhile, a body supposed to give confidence to the public in the impartiality of the judicial system, includes members with no judicial experience. As emphasized in the European Commission's 2015 Progress Report, "this undermines the professional balance and high level of competence foreseen by the legislation."(*****)

This is unfortunate given all the efforts made by the international community to support the country in putting in place an exemplary judicial system which would have the confidence of the citizens. This support goes as far back as 2004 with the adoption by the then government of the judicial reform strategy, which was identified as a critical priority of the Accession Partnership with the EU. Indeed over the years the EU devoted a considerable amount of funds towards this area.

Academy of Judges and Public Prosecutors.

One example is the financial assistance for the establishment in 2007 of the Academy of Judges and Public Prosecutors which would enable the courts and prosecution system to be manned by competent highly qualified judges and public prosecutors. Yet it took several years and constant reminders before the government undertook to set in place a process of incorporating the graduates from the EU funded Academy of Judges and Public Prosecutors into the judicial system, even despite this commitment the Judicial Council continued to give preference to government supported candidates over applicants from the Academy. The revelations from the

wiretapped conversations confirm the direct interference of the government at the highest level in judicial appointments.

Protecting the Special Prosecutor.

The Special Prosecutor, Katica Janeva, who was appointed in September 2015 to investigate the revelations from the wiretapped conversations, continues to face repeated obstacles in performing her work, not least obstruction from the State Public Prosecutor, verbal attacks from the ruling party, and attempts by the President of the Republic to pardon several of the senior government and party officials, including the former Prime Minister himself. The criticism levelled against her by the ruling party that her office is adopting a "selective approach" in the investigations opened, rings hollow when one recalls the government's own record in selective justice illustrated above.

That she has pursued her investigative work regardless is a tribute to her courage and perseverance. The performance and dedicated professionalism set by the Special Prosecutor's Office has won admiration and praise from both the people of Macedonia calling for a return to the rule of law in the country, as well as from the international community.

However, with a judicial system heavily weighted in favor of the ruling party, her efforts will lead nowhere unless a mechanism is set in place to guarantee that the cases she brings forward to the courts will be treated with the highest standards of due process. The only way to achieve this will be the establishment of a special chamber in the Criminal Court, which would be tasked with adjudicating all the cases presented by the Special Prosecutor. There will need to be careful supervision of the selection process of the judges who would sit on this chamber to ensure that only those whose independence are above suspicion are appointed.

Conclusion.

The survival of Macedonia as a functioning democracy is seriously in question after years of increased authoritarian rule and the all-pervasive control by the governing coalition, led by the ruling party VMRO-DPMNE, over all the levers of power and state institutions. The damage done to the credibility of the state institutions not to mention to the image of the country as a result of the government's behavior will take years to undo. A government which survives solely

on the basis of giving favors in return for allegiance to the ruling parties is living on borrowed time and perpetuating a corrupt system of governing, where the sacrosanct principle of equality before the law is sacrificed on the altar of power politics.

The slogan “No Peace Without Justice”, adopted by the thousands of citizens who have been demonstrating for several weeks across Macedonia and beyond, encapsulates the challenge facing the country: until such time as the rule of law returns to Macedonia, there will be no peace in the country.

Erwan Fouéré,
Brussels June, 2016.

(*)EU Enlargement Strategy 2015-16, page 22.
(**) Recommendations of the Senior Experts’ Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015, Brussels,8 June, 2015.
(***) EC Progress Report 2012, page 49.
(****) EC Progress Report 2009, page 57.
(*****) op.cit., page 51

Проф. Бранко Димески

ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ИСПОРАЧУВАЊЕ НА РЕФОРМИ ИЛИ ПРОДУЦИРАЊЕ НА НЕСТАБИЛНОСТ!?

Вовед

Јавните служби постојат за задоволување на бројни потреби од јавен карактер во општеството односно задоволување на јавниот интерес на граѓаните. Системот на јавни служби се јавува како резултат на поделбата на трудот што постои во секое општество и не постои ниту една држава во светот без правно дефиниран и функционално поставен систем на јавни служби.

Од осамостојувањето на Република Македонија па се до денес, системот на јавни служби е постојано правно надградуван и развиван со цел негова постојана модернизација, осовременување и зголемување на ефикасноста и ефективноста во задоволувањето на јавниот интерес на македонските граѓани. Но, и покрај добрите намери на политичките елити, квалитетот, а пред се динамиката на донесување на различни законски интервенции во кратки временски интервали ги ставаат под прашање крајните резултати на декларативно изразените реформски напори за ефикасен, ефективен и транспарентен систем на јавни служби во Република Македонија.

Системот на јавни служби во литературата: дефиниции, принципи и теоретско-правни концепти

За основоположник на теоријата на јавна служба и воопшто нејзиниот понатамошен развој се смета Леон Диги.[1] Застапник е на т.н. теорија на социјални функции според која управното право претставува ништо друго туку само право на јавните служби. Според зборовите на Диги "јавната служба претставува дејност чие што извршување управувачите

[1] Гризо, Н., Давитковски, Б. и Павловска-Данева, А. (2008), Јавна Администрација. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Правен Факултет "Јустинијан Први": Скопје, стр. 347.

треба да го регулираат, обезбедат и контролираат, бидејќи е неопходна за остварувањето и развојот на општествените односи". Односно, секоја активност која мора да се обезбеди, регулира и контролира од управувачите, зашто е неопходна за остварување на социјална меѓузависност и се остварува само со интервенција на управувачка сила претставува јавна служба[2]. Друга значајна дефиниција за јавните служби според Диги претставува следнава "како јавни служби треба да се организираат дејностите чиј застој, макар и најкраток, може да доведе до општествено безредие".[3]

Според други автори, како на пример Жез[4], јавната служба претставува технички организирана постапка за задоволување на потребите од општ интерес. Во тој прилог, самата организација на јавните служби постојано се менува во согласност со потребите од општ карактер односно таа претставува легална ситуација. Од друга страна, за разлика од Диги, Валин тврди дека јавната служба претставува дел од административното право и еден од неговите основни поими врз кои што се темели науката за административно право.[5] Други теории, од кои најзначајна е социјалистичката правна теорија која се обидува да изврши модификација со тоа што сите научни истражувања на јавните служби да ги подведе под терминот општествени служби.[6]

Во секој случај, во литературата постои консензус околу тоа што претставува јавната служба. Со други зборови "јавната служба претставува збир на дејности, кои се од заедничко, општо значење за сите луѓе и за нивните организации на одредено подрачје, а чие вршење е гарантирано и заштитено со различни правни прописи".[7] Ваквото дефинирање покажува дека постоењето на секоја јавна служба се темели на две основни компоненти, и тоа: социолошка компонента (вршење на одредена дејност, како на пример здравство, образование, социјална и здравствена заштита, културата, науката и сл.) и правна компонента, односно правна норма.

---

[2] Јавни служби, (2010), Презентирани предавања по предметот Јавна Администрација. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Правен Факултет "Јустинијан Први": Скопје, стр. 2.

[3] исто, стр. 348.
[4] исто, стр. 348.
[5] исто, стр. 348.
[6] исто, стр. 349.
[7] исто, стр. 349.

Со развојот на цивилизацијата се зголемува и обемот односно бројот на потребите од јавен карактер, а како последица се зголемува и бројот на јавните служби. Како резултат, се јавува и потребата од приватизација и децентрализација на дел од овие јавни служби. Притоа, три главни принципи се од особено значење во функционирањето на јавните служби, и тоа: принцип на еднаквост, принцип на адаптација и принцип на континуитет.[8]

Во правната теорија, покрај правно-теоретски концепт постојат и уставно-правен и идеолошки концепт на јавните служби. Според нив, секоја јавна служба добива статус на јавна управа чие регулирање е под ингеренции на управното право. Според академик Иво Крбек[9], јавните служби имаат специфична улога во оние услови кога органот на управата не се јавува како носител на дејноста, туку посебна јавна служба која функционира под специјален (посебен) режим на правото и претставува дел на јавната управа.

Системот на јавни служби во Република Македонија: До каде сме и што е направено?

Од 1991 година, со уставните решенија јавниот интерес во Р.М. е неприкосновен, па дури и регулиран со супремација во однос на приватниот интерес и приватната сопственост. Во Уставот на Република Македонија, Дигиевата солидаристичка теорија претставува основа на сите размислувања околу тоа дека општествените дејности се од јавен наместо од приватен карактер.[10]

Во Р.М. веќе подолго време се прават обиди за реформирање на системот на јавните служби. Тоа се прави етапно според различни законски основи, и тоа: првата етапа од 1991-2001, втората етапа од 2002-2003 и третата етапа од 2003 година до ден денес.[11] Основна цел на сите реформски зафати е да се изврши трансформација во вршењето на јавните услуги. Како резултат, очекувањата се поефикасно, поефективно и попродуктивно извршување на јавните услуги кон граѓаните. Од 1991 година до денес како резултат на уставните промени сите јавни дејности доживеаа некакви законски промени. Притоа овие

[8] исто, стр. 352.
[9] Сланинка-Динева, М. (2002), Јавните служби во Република Македонија: реалност и визија. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања: Скопје, стр. 23.
[10] исто, стр. 45.
[11] исто, стр. 116.

промени започнаа и пред да се усвои некаков Закон за јавните служби или таканаречен Закон за установи. Вреди да се напомени дека уште во 1992 година Владата на Р.М. поднесе предлог за донесување на Закон на јавните служби кој од необјасниви причини бил повлечен.[12] Се разбира дека според позитивното право на Р.М. покрај основниот Закон за јавните служби или установите постојат и голем број на lex specialis за различни видови на дејности што е потребно за регулирање на материјата во тие области. Реформата на јавните служби не претставува ништо друго туку акт на државата кој се базира на соодветна стратегија. Во секој случај, при градењето на стратегијата за реформа на јавните служби граѓаните во најголем дел не беа консултирани за евентуалните решенија или ефекти кои би произлегле од новите закони. Статусот на јавните служби во Р.М. е децидно утврден врз основа на член 58, став 1 од Уставот на Р.М. според кој "сопственоста и трудот се основа за управување и учество во процесот на одлучување". Друга битна карактеристика е определена во член 58, став 2 од Уставот на Р.М. е тоа дека во јавните служби се управува и одлучува врз основа на стручност и компетентност во согласност со закон за разлика од останатите правни субјекти кои немаат статус на јавни установи и јавни служби.[13]

Мора да се напомене дека Стратегијата за реформа на јавната администрација од 1999 година беше една од почетните столбови за создавање на професионална јавна служба. Како поткрепа за нејзиното успешно имплементирање, Собранието на Р. М. во 2000 година го донесе првиот Закон за државните службеници како и со посебен акт од 29.08.2000 година беше формирана Агенцијата за државни службеници која од 2011 година продолжи да работи како Агенција за администрација согласно Законот за јавните службеници и Законот за државните службеници.[14]

Јавните служби на крстопат: Проблематичен развој или развој со проблеми

Во Табелата подолу е претставена динамиката на развој на законската регулатива од областа на јавните служби во Република Македонија којашто има најмногу промени во

[12] исто, стр. 118, стр. 119.
[13] исто, стр. 133, стр. 134.
[14] Агенција за администрација на Р.М., достапно на http://www.ads.gov.mk/za-nas.nspx

краток временски период. Како што може да се забележи, голем број на законски решенија се многукратно менувани и дополнети во последните години.[15] Фрапантни се податоците дека областите на јавните служби во Република Македонија се подложни на бројни и постојани изменувања и дополнувања на законската регулатива што за последица внесува голема несигурност, нестабилност и недоверба од страна на граѓаните во ефикасното и ефективното функционирање на системот на јавните служби.

Табела 1. Динамика на законската регулатива од областа на јавните служби

Име на закон	Датум на стапување во сила	Вкупен број на измени и/или дополнувања до денес	Име на закон	Датум на стапување во сила	Вкупен број на измени и/или дополнувања до денес
Закон за бирото за развој на образованието	05.04.2006	6	Закон за научно-истражувачка дејност	15.04.2008	9
Закон за високото образование	22.03.2008	19	Закон за културата	10.07.1998	13
Закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина	05.02.2013	3	Закон за заштита на културното наследство	10.04.2004	13
Закон за образование на возрасните	23.01.2008	7	Закон за спортот	15.05.2002	15
Закон за основното образование	27.08.2008	15	Закон за радиодифузната дејност	29.11.2005	7
Закон за учебници за основно и средно образование	12.08.2008	11	Закон за заштита на децата	22.02.2013	8
Закон за студентски стандард	02.02.2013	4	Закон за социјалната заштита	02.07.2009	18
Закон за стручно образование и обука	16.06.2006	7	Закон за цивилните инвалиди од војната	31.07.1976	6
Закон за средното	28.09.1995	30	Закон за лековите и	13.09.2007	13

[15] Граѓанска Асоцијација- МОСТ, достапно на http://www.pravo.org.mk/index.php

образование			медицинските помагала		
Закон за просветната инспекција	12.07.2005	11	Закон за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување	16.04.2011	8
Закон за хемикалии	13.11.2010	5	Закон за безбедност на храната	16.12.2010	9
Закон за санитарна и здравствена инспекција	16.06.2006	10			
Закон за здравственото осигурување	07.04.2000	35			
Закон за здравствената заштита	06.04.2012	12			

Заклучоци

Развојот на јавните служби во Република Македонија претставува неопходен дел од севкупниот демократски развој на Република Македонија. Реформските карактеристики на јавните служби во Република Македонија од осамостојувањето до денес се доста динамични. За успешно и професионално да се одговори на јавниот интерес на граѓаните, потребни се компетентни, високо-професионални и ефикасни јавни служби. Но, и покрај добрите намери во таа насока, законските решенија во системот на јавните служби се под влијание на многубројни и помалку или повеќе сеопфатни измени и дополнувања што може да продуцираат непредвидливост, нестабилност и дополнителна недоверба во стабилноста на правниот систем. Како резултат на преголемиот број законски интервенции во краток временски период, во одредени категории на јавните служби во Република Македонија потребни се целосно нови законски решенија со цел надминување на нејаснотиите и обезбедување поголема стабилност во континуитетот на функционирањето на системот на јавни служби. Без сеопфатност и предвидливост на среден и долг рок, реформските напори во системот на јавните служби можат да бидат и контрапродуктивни по целовкупниот правен систем на Република Македонија.

Прашања за дискусија

1. Која е историско-правната генеза и значењето на системот на јавни служби во Република Македонија?

2. Како се вградени и колку се присутни теоретските принципи на функционирањето на јавните служби во целовкупниот правен систем во Република Македонија?

3. Каква е динамиката на реформски законски решенија и дали таквата динамика придонесува кон поефикасен и поефективен систем на јавни служби во Република Македонија?

Литература

- Агенција за администрација на Р.М., достапно на http://www.ads.gov.mk/za-nas.nspx
- Граѓанска Асоцијација- МОСТ, достапно на http://www.pravo.org.mk/index.php
- Гризо, Н., Давитковски, Б. и Павловска-Данева, А. (2008), Јавна Администрација. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Правен Факултет "Јустинијан Први": Скопје, ISBN: 978-9989-194-22-1, стр. 347-361.
- Јавни служби, (2010), Презентирани предавања по предметот Јавна Администрација. Универзитет Св. Кирил и Методиј- Правен Факултет "Јустинијан Први": Скопје.
- Сланинка-Динева, М. (2002), Јавните служби во Република Македонија: реалност и визија. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања: Скопје, ISBN: 998963324X, 9789989633249, стр. 23-134.

Вања Михајлова

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА - НЕЗАВИСНА, УШТЕ ЕДНА ПАРТИЗИРАНА И НЕФУНКЦИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА?

Во Република Македонија со посебни закони (lex specialis) се формирани повеќе комисии и регулаторни тела кои се дефинирани како независни и самостојни, што би требало да гарантира дека се имуни на политичкото влијание на Владата и дека функцијата ја извршуват со стриктно почитување на владеење на правото и принципите на законитост, транспарентност, професионалност, непристрасност и еднаков третман на сите граѓани. За реализација на оваа основна цел, со Законот се предвидува дека членовите на овие комисии и тела се именуват преку јавно објавен оглас, на кој ќе може да се пријави секое заинтересирано лице кое ги исполнува предвидените критериуми. Комисијата за прашањата за изборите и именувањата при Собранието на РМ, од пријавените кандидати изготвува листа на "подобни" лица која ја доставува до Собранието на РМ кое ги именува членовите на овие комисии.

Истата постапка за именување на членови е предвидена и за Комисијата за заштита од дискриминација-тело кое има законска надлежност и обврска да ги заштитува правата и слободата на граѓаните кои ќе се обратат до неа. Имено, во член 8 од Уставот на РМ, основните права и правата на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и владеење на правото се утврдени како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Република Македонија ги има потпишано и ратификувано сите меѓународни конвенции и други меѓународни договори со кои се гарантират основните права и слободи и забранува секој вид на дискриминација, тргнувајќи од најстариот ваков документ- Универзалната декларација на ООН за човековите права, од кои произлегува обврската овие фундаментални вредности да ги операционализира во домашното законодавство и имплементира во практиката.

Република Македонија усвои посебен Закон за спречување и заштита од дискриминација (објавен во "Службен весник на РМ"бр.50/2010). Во Законот се предвидени повеќе видови

забрани, чија цел е превенција од дискриминација. Имено, согласно член 3, се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

Согласно член 16 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација е самостоен и независен орган која работи во согласност со надлежностите утврдени со овој закон, а според член 18 од Законот, за член на Комисијата може да биде именувано лице кое е државјанин на Република Македонија и има постојано место на живеење во државата и кое има високо образование и искуство од областа на човековите права или општествените науки.

Од ова може да се оцени дека во Законот се дадени многу флексибилни критериуми кои овозможуват секое лице кое има високо образование од било која струка (дури и таква која нема никакви допирани точки со оваа многу сензитивна област) да може да биде именувано за член на Комисијата. Барањето кандидатите да имаат искуство од областа на човековите права, исто така, е растеглив критериум што овозможува и лица кои посетувале семинар од неколку дена во врска со човековите права да се промовират себеси за експерти од оваа област. Отсуството како критериум за членување во ова тело да се бара од лицата да бидат реномирани и признати експерти во јавноста од оваа област, како и отсуството на барање за професионално искуство од определен број на години, отвора широк простор во Комисијата за заштита од дискриминација да бидат именовани лица кои немат, или имаат многу малку познавања од оваа област и кои го немаат соодветното професионално искуство, но кои се блиски со владеачката гарнитура, а огласот за пријавување за членови во ова тело да претставува обична фарса.

Улогата на Комисијата утврдена во член 24 од Законот, е круцијална за заштита на правата на лицата кои се дискриминирани по било кој основ, а широките законски надлежности

кои и се доверени и дават доволен простор за делување во насока на ефикасна заштита од појавите на дискриминација, па оттука од посебно значење е нејзиниот состав и нивната посветеност за доследна имплементација на Законот.

За Институтот за човекови права (ИЧП) чија основна мисија е промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи, вклучувајќи и заштита од дискриминација од секаков вид, од посебна важност е соработката со државните органи и независни комисии надлежни токму за заштита на овие основни права. Реализацијата на оваа цел, во многу ќе зависи и од составот на овие органи кој треба и практично да покаже дека е подготвен за вистинска соработка со невладиниот сектор кој има улога на "watch dog" и контролор на нивната работа и во тој контекст да ги прифати сугестиите, мислењата но и критиките за нивната (не)активност, недоволна ефикасност во заштитата на човековите права и слободи, за селективност или пристрасност во извршувањето на нивната функција. Од овие причини, Институтот со посебен интерес го следеше именувањето на новиот состав на оваа Комисија, кое во јавноста предизвика многу контроверзии и сомневања дека (слично како и кај другите законски дефинирани независни комисии) се именовани лица блиски до владеачките партии, што уште од старт создава дилеми и недоверба во нивниот кредибилитет, непристрасност и независност во вршењето на оваа значајна функција. ИЧП преку барање за слободен пристап до информации, од Собранието на РМ го побара списокот на кандидатите за членови на Комисијата за заштита од дискриминација и биографиите на именованите членови. Институтот на жалост, не ги доби биографиите на сите кандидати, бидејќи според добиената информација од Собранието на РМ, истите им биле вратени на кандидатите откако биле одбиени, со што не беше во состојба да направи увид и споредба во врска со нивните квалификации и професионално искуство, со цел да се увери дека именовањето е извршено врз објективни критериуми за компетентноста, стручниот капацитет на кандидатите и професионалното искуство.

Од податоците кои ги доби Институтот за човекови права, се утврди дека на огласот за членови на Комисијата за заштита од дискриминација, биле пријавени дури 44 кандидати. При тоа е констатирано дека дел од ново-именованите членови на јавноста многу повеќе и се познати по нивните ставови со кои ги бранат политиките на Владата, отколку по нивниот ангажман за заштита од дискриминација, дел од членовите биле пратеници во Собранието на РМ од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, а други се во блиски роднински

врски со функционери од владеачката гарнитура. Од биографиите на именованите членови на Комисијата за заштита од дискриминација, е видно дека одделни членови имале објавено трудови од разни области или учествувале на разни семинари и други настани, но истите немат допирни точки со заштитата на човековите права, ниту се работи за лица кои на јавноста и се познати како експерти од оваа област, додека одделни членови во биографиите ги наброиле сите семинари од други области на кои учествувале, во траење од еден или повеќе дена. Одредени трудови поврзани со заштитата на човековите права и одделни видови на дискриминација се нотирани само кај двајца членови на Комисијата, од кои еден член магистрирал на тема поврзана со недискриминација во меѓународното право и Европскиот суд за човекови права и имал објавено повеќе трудови, бил вклучен во проекти, истражувања и други активности поврзани со човековите права и дискриминацијата по разни основи, меѓутоа за пошироката јавност не е доволно препознатлив по јавни настапи и ангажмани во насока на практична примена на овие теориски знаења.

Она што посебно треба да се нотира е фактот што на *огласот не се пријавил* ниту еден од реномираните експерти од редот на универзитетските професори или од НВО секторот кои на јавноста и се познати поради нивниот ангажман и стручен капацитет, интегритет и професионално искуство во областа на заштитата на човековите права и превенција од дискриминација. Причината за ова треба да се лоцира во недовербата дека надлежната комисија за избори и именувања при Собранието на РМ и самото Собрание при именувањето ќе ги оценуват професионалниот капацитет, искуството и кредибилитет на кандидатите, како и убеденоста дека огласот е обична фарса заради формално задоволување на законската обврска, додека имињата на лицата кои ќе бидат именовани се однапред познати и утврдени надвор од Собранието на РМ-во партиските штабови.

Забележително е што во новиот состав на Комисијата нема претставници од помалите етнички заедници, што претставува дискриминација на етничка основа, ниту претставник од маргинализираните категории на граѓани, кои што фактички се најмногу подложни на дискриминација и кои најчесто се обраќат до овој орган заради заштита на своите права.

Сомневањата дека во Комисијата за заштита од конкуренција се поставени лица блиски до владеачките партии наместо реномирани експерти од оваа област се потврдија со фактот

што дури и по нивното именување оделни членови, вклучувајќи го и председателот на Комисијата, продолжуват да бидат гласноговорници на политичките партии преку разни форми на јавни настапи. Ваквото однесување е спротивно на законската поставеност на Комисијата како независен и самостоен орган и го руинира кредибилитетот на ова тело кое функцијата треба да ја извршува непристрасно, со строга дистинкција помеѓу партиските и државните интереси, особено што се работи за орган кој по дефиниција треба подеднакво да ги заштитува правата на граѓаните без оглед и на нивната политичка припадност. Со ова се губи довербата на граѓаните во интегритетот на членовите на Комисијата и во објективноста и непристрасноста при одлучување по нивните барања за заштита од дискриминација. Ваквото однесување на дел од членовите на Комисијата за заштита од дискриминација, креира сериозна загриженост кај здруженијата на граѓани за заштита и промовирање на човековите права и слободи дека Комисијата доследно ќе ја остварува својата основна мисија за која е формирана и принципите врз кои е заснована и дека во таа насока ќе соработува со невладиниот сектор, а во интерес на остварување и заштита на овие темелни вредности.

Со начинот на именување и делување првенствено на заштита на партиските наместо интересите на граѓаните, во јавноста се креира сериозно сомневање дека Комисијата за заштита од дискриминација ќе претставува уште една нефункционална институција, чие формирање е повеќе резултат на барањата на меѓународната заедница и обврските кои произлегуват од меѓународните документи, отколку заради вистинските потреби за заштита на човековите права и слободи загарантирани со Уставот на РМ.

За да се надминат ваквите слабости и се спречи партиското влијание врз работата на Комисијата преку именување на членови блиски до политичките партии, како и да се врати довербата во оваа институција, неопходно е да се:

- изврши Измена и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација и утврдат попрецизни и построги критериуми за именување на членови во ова тело по однос на нивната компетентност, интегритет и професионално искуство;

- Со измените на Законот, треба да се предвиди и учество на здруженијата на граѓани кои се баваат со заштитата на човековите права и слободи- во својство на мониторинг при изборот

на членови во Комисијата од пријавените кандидати, но и како задолжително учество на претставници од граѓанскиот сектор во составот на Комисијата, особено од редот на маргинализираните групи на граѓани;

- Исто така, потребно е да се следи примерот на земјите со развиена демократија и во Законот да се предвиди забрана за функционерите и јавните службеници да ја истакнуват својата партиска припадност и јавно да ги подржуват политичките партии и нивните политики, а за повреда на овие забрани да се предвидат и соодветни санкции, вклучувајќи и разрешување од функцијата.

Што е пропуштено во последниве десет години од балканската транзитна инфраструктура?

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД КРСТОПАТ ДО СЛЕПО ЦРЕВО

Во јуни 2002 година, Европската Унија го формирал - Регионалниот балкански инфраструктурен транспортен проект – REBIS (Regional Balkans Infrastructure Study)[16], кој се однесува на балканските држави: Албанија, Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора и Косово. Целта на REBIS е да им помогне на овие држави во развојот на кохерентните стратегии за транспортниот инфраструктурен развој. Овој проект посебно е фокусиран на развојот на регионалната основна мрежа за краткорочни и среднорочни термини и на идентификација на проекти кои се поволни за меѓународно финансирање.[17] Основната мрежа од регионална важност ги вклучува врските на главниот пат и железница меѓу седумте главни градови во регионот и градот Бања Лука. Исто така, таа ги поврзува важните градови со главните градови на соседните држави вклучувајќи ги и стратешките пристаништа Солун, Драч, Риека, Сплит, Дубровник, Плоче, Бар и Валона.[18]

Основната мрежа вклучува околу 6.000 км патна мрежа и 4.300 км железничка линија. Геометриските карактеристики на патната основна мрежа варираат од тесни патишта со две ленти во многу области, па се до патишта со четири ленти и автопати на главните врски. Повеќе од 70 насто од патиштата во регионот на REBIS имаат потреба од реновирање, додека пак, на многу патишта во Албанија им е потребна целосна реконструкција.

---

[16] C:\Data-MS\Ind_Ud\-55100B_visitkort\CD-til-Final-Report\PDF-af-rapporter\Rebis_FR_MK.doc (во понатамошниот текст, REBIS transport Join Venture)

[17] Проектот е под надзор на Инфраструктурната управувачка група (Infrastructure Steering Group-ISG), која е формирана од претставници на Европската комисија и релевантни претставници од меѓународни финансиски организации (Европската инвестициона банка, Европска банка за реконструкција и развој, Светската банка и Пактот за стабилност). За потребите на проектот постојат канцеларии во петте главни градови на регионот: Скопје, Загреб, Тирана, Сараево и Белград.

[18] REBIS transport Joint Venture, str. 5-6.

Основна мрежа и сообраќајни побарувања

Транспортна и енергетска инфраструктура во Југоисточна Европа TEISEE[19] е проект со кој Европската комисија ги дефинирала основните транспортни мрежи во регионот при што, во главно би се концентрирало на краткорочни инвестициски проекти важни за регионален меѓуградски транспорт. Предвидените мрежи ги покриваат главните патни и железнички сообраќајници, внатрешните пловни патишта и речните пристаништа, аеродроми и терминали.[20] Основните мрежи ќе овозможат ефикасна комуникација и врски меѓу главните градови и други клучни градови во регионот, како и врска на регионот со главните градови на соседните држави.

Соодветно проектот REBIS, беше предвидено да се потрошат над 2.5 милијарди евра, од кои најголем број се патни проекти. Деталната селекција на железничките проекти за среднорочни планови зависи од подготовката на опфатени бизнис-планови од железнички компании. Планирањето би требало да ги вклучи државните и регионалните интереси и би требало да се наблудуваат и координираат низ SEETO.[21] Краткорочниот инвестициски план вклучува вкупна инвестиција за патната инфраструктура од 2.2 милијарди евра. Ова би требало да се спореди со вкупните инвестициски барања од над 4 милијарди евра до крајот на 2017 година. За железничкиот сектор краткорочниот инвестиционен план вклучува вкупно инвестирање од 1.2 милијарди евра во споредба со долгорочните инвестирања потребни за доделување на главните железнички линии до европски стандарди, а што е проценето на вкупна вредност од 12 милијарди евра.

Регионот има потреба за комбиниран транспорт. Во најголем број балкански држави, транспортните побарувања (меѓународна трговија), главно се насочени кон увоз на стоки, водејќи притоа сметка дека ваков неурамнотежен транспортен тек претсавува проблемот со враќањето на празните контејнери.[22]

---

[19] Transport and Energy Infrastructure in South East Europe.

[20] Овие мрежи се претставени на конференцијата во Тирана, мај 2001, а на која учествувале членови на Пактот за стабилност, претставници на соседните држави, меѓународни финансиски институции како и други донатори. Види: REBIS transport Joint Venture, str. 26.

[21] South Eastern Europe Transport Observatory – SEETO.

[22] Хрватска е единствената држава во регионот во која е направен пресудниот чекор напред во создавање на комбинирана транспортна индустрија соодветно со европските стандарди. Во оваа држава постои една контејнерска компанија, AGIT и еден независен оператор Crokombi. Види: REBIS transport Joint Venture, str. 168.

Паневропските транспортни коридори кои минуваат низ Балканскиот полуостров (IV, V, VII, VIII и X) нудат можност за организација на комбинираниот транспортен сектор, иако за нив се потребни некои значајни технолошки подобрувања, посебно на железничките и на патните врски на Коридорот 8 (исток, запад) и Коридорот 10.[23] Транзитниот сообраќај на поморските контејнери од Грција кон Косово (за воените трупи на KFOR) се одвива по друмски сообраќај, а е воден од грчка компанија.

Регионалните морски пристаништа

REBIS внимание ѝ посветува и на основната мрежа на регионалните морски пристаништа. Повеќето од балканските држави имаат излез на море. Пристаништата во Копар (Словенија) и во Солун (Грција) претставуваат важни пристаништа за сообраќајот на Босна и Хрецеговина, Србија, Црна Гора, Косово и Македонија. Тие се особено важни за транспорт на нафтата и за другите габаритни товари, додека пак контејнерскиот сообраќај е во постепен развој. Пристаништата во регионот се уште се обидуваат да ги услужат многуте пазарни сегменти во смисла на товар, но реално тие имаат ограничена технолошка логистика. Потребни се и специјализирани пристаништа за поефикасно да се врши транспорт на стока.

Пристаништето во Драч (Дурс) во Албанија, претставува излез на Јадранското Море за Коридорот 8.[24] Највисок процент на товарен сообраќај се однесува на увозот (94%), од кои цементот, горивото и хемиските производи чинат повеќе од 50 % од вкупно увезените стоки во регионот. Посебна важност има сообраќајот во траектниот терминал кому му припаѓаат околу 20.000 камиони и приколки, додека контејнерскиот сообраќај е во развојна фаза.

Пристаништето во Валона (Влора) – Албанија, е неодамна вклучено како основно пристаниште на паневропскиот Коридор 8. Засега на ова пристаниште се одвива увоз на општ товар, прехранбени производи и градежни материјали како и гориво за потребите на

[23] Во Република Македонија, комбинираниот транспорт е развиен во поглед на подобрата организација со вклучување на ICF кој оперира со неделен директен контејнерски воз помеѓу Скопје и ICF центарот во Сопорн. Во Албанија единствениот терминал за контејнери е лоциран на пристаништето во Драч. Албанските железници не раководат со контејнерите и не се во позиција да го прават тоа како и тоа дека железниците не оперираат со контејнерскиот терминал.

[24] Во период од седум години, т.е. од 1993 до 2013 година, сообраќајот на пристаништето пораснал од 759.000 тони на преку 2 милиони тони, а во 2002 година достигнал до 1.77 милиони тони. Види: REBIS transport Joint Venture, str. 202.

домашниот пазар. Главна функција претставува редовниот траектен сообраќај кој сега е ограничен на врската со Бриндиси во Италија. Бидејќи пристаништето е во лоша состојба, со опременост под стандардите, за негово подобрување е подготвен инвестициски план во рамките на „Пристанишниот мастер план“ кој е во реализирање.

Според правилата на правото на морето, Република Македонија, како и сите други држави без морски брег ги ужива следниве слободи и права: слободата на транзитот и правото на користење на пристаништата од нејзините соседни крајбрежни држави. Соседните транзитни држави под чиј суверенитет се наоѓаат морските пристаништа се должни на влезните и на излезните места или на местото на претоварањето во пристаништето да обезбедат, според нивните можности, соодветни превозни средства и опрема со цел прометот во транзит кој ѝ припаѓа на Република Македонија, да се одвива без непотребни задржувања. Република Македонија има право да пристапува до пристаништето со сите транспортни средства кои технички имаат можност да влезат во пристаништето. Има право на рамноправен третман и без дискриминација да ги користи просториите за складирање на стоката во соодветни објекти на пристаништето и за таа цел да ја користи пристанишната опрема за истоварање, товарање, расклопување и склопување на товарите итн.

Република Македонија има право бродовите кои имаат нејзина национална припадност да се регистрираат во пристаништата на соседните држави, веејќи го нејзиното поморско знаме. Иако Република Македонија засега нема поморски трговски бродови, развојот на современата трговија императивно ќе наметне потребата и оваа држава да поседува поморски трговски бродови.

Додека не се случи наредната ревизија на сегменти за правото на морето, Република Македонија во рамките на постојната меѓународно-правна уредба може да се залага за поповолен третман на нејзиниот транзитен транспорт низ територијата на нејзините соседни транзитни држави, а особено за:

- поедноставување на царинските контроли, при што царинските власти на транзитната држава би вршеле само проверување на пломбата и на штембилот ставени на превозното средство за секој поединечен транспорт во транзит;

- определување на посебни простории за претставништва, агенции, депоа, терминали, работилници за монтирање и расклопување на поголеми товари и други услуги во пристаништата;
- поедноставување на формите и процедурите за добивање одобренија за влез и излез на лицата кои го следат транспортот во транзит (либерализација или укинување на визите за тие лица);
- формирање заеднички меѓудржавни трговски здруженија со учество на јавни и приватни претставници кои би биле во тек со сите постојни проблеми во меѓусебната трговија, давајќи сугестии како да се надминат;
- олеснување на граничните контроли, царинските, имиграционите, здравствените, ветеринарните и фитосанитарните, со координиран сервис меѓу соседните држави за избегнување на непотребните задржувања и задоцнувања.

За создавање поволни објективни услови за поголеми транзитни олеснувања потребно е во регионот да се примени поголема либерализација, приватизација и конкуренција во сите видови транспортни дејности.

За да се избегнат непотребните задоцнувања и задржувања на транспортот во транзит, Република Македонија треба да се приспособи кон новиот електронски систем. Системот наскоро ќе почне да функционира во сите држави-членки на Европската Унија (транзитот на Унијата) и во државите од т.н. заеднички транзит. Тоа значи дека наскоро и двете држави од нашето соседство членки на ЕУ (Грција и Бугарија) ќе почнат да го применуваат електронскиот транзитен систем. Овој систем е една од важните точки на реформирањето на транзитниот систем и се нарекува, нов компјутеризиран транзитен систем (NCTS).[25] Целта на овој компјутеризиран транзит систем е: 1) зголемување на ефикасноста и ефективноста на транзитната процедура; 2) подобрување на превенцијата и успешно откривање на прекршувачите на правилата; 3) креирање поголем кохерентен систем и забрзување во процесуирањето на податоците.

[25] New Computerised Transit System (Нов компјутеризиран систем на транзит).

Што е улогата на SEETO (South-east Europe Transport Observatory)?

Телото за надгледување на транспортот во Југоисточна Европа (SEETO), ги има овие задачи:

- да учествува во подготвувањето и ажурирањето на годишните и повеќегодишните работни планови за развој на основната мрежа и приоритетните подрачја;
- обработка и дистрибуција на информации за проектите на основната мрежа, политичките состојби и тенденции и статусот на мрежата;
- изработка на практични аранжмани за полугодишни регионални транспортни конференции на високо ниво (од 2005 година);
- подобрување на практиката на планирање, т.е. аранжирање на најдобра пракса преку семинари за регионалниот транспорт за учесниците од регионот.

Значи, важна задача на SEETO е надзор на сообраќајот и физичките услови на основната мрежа, како и надгледување на планирањето и спроведувањето на проектот. Оваа задача бара редовно давање податоци од страна на транспортните власти во регионот, како и соодветна опрема за процесирање и чување податоци и изработка на бараните извештаи. За таа цел REBIS има развиено сеопфатна база на податоци која е лесна за користење.[26]

Каде е тука Република Македонија?

На вакви важни регионални ангажмани, за жал Владата на Република Македонија не им придавала потребно значење. На бројни регионални средби од политички па се до професионални, вообичаено беа пратени низок ранг или професионално некомпетентни кадри. Овдешната влада со својата долготрајна погрешна политика ја доведе државата од позицијата - *регионален крстопат*, до состојбата - *балканско слепо црево*. Таа со својата политичка индиферентност и некохерентност практично го елиминирал од европскиот приоритет „Коридорот 8“ (со сите негови попратни компоненти), во вредност од над девет

[26] Европската Комисија неодамна подготвила детални дефиниции на податоци за прибавување на такви податоци на TINA мрежата, а по што и UN-ECE ги прифатила истите дефиниции за својата работа. Поради тоа REBIS проектот ги усвоил истите дефиниции за своја основа, а со цел да се усогласат собраните податоци и презентации во поширокиот регион.

милјарди евра. Освен профитот од транзитот што ќе го добиеше државата, а кој се очекуваше да биде над 80 милиона евра годишно, овај проект ќе отвораше и многу ефективни работни места- одржување на инфраструктурата, угостителски услуги, бензински пумпи, механичарски услуги итн. Но, нашата власт цело време се посвети на негативниот популизам и прекројување на некоја нова историјата што резултирал со огромни финасии фрлени за непродуктивни цели. Како замена за пропаднатиот Коридор 8, Грците веќе ја довршија нивната верзија на „Виа игнациа“. Тие изградија модерен автопат од турска граница до Игуменица, а од друга страна Албанија изградила исто така модерен автопат од Драч до Морина, кој автопат продолжува до Приштина, а наскоро ќе започнат работите на автопатот Приштина - Ниш па се до Софија. Република Македонија за жал по своја вина е претворена во слепо црево.

Ќе допуштиме ли да пропадне и гасоводот ТАП (TAP)?

На 13 февруари 2008 година "EGL Group" и норвешката компанија "Statoil" дале иницијатива за изградба на балканскиот гасовод ТАП (TAP – Trans Adriatic Pipelines). Овај гасовод со помош на мега-гасоводот TANAP ќе транспортира природен гас од Азербејџан, односно од полињата "Шах Дениз II" до турско-грчка граница, па од таму со помош на ТАП низ Грција и Албанија до Италија. Имено ТАП ќе помине низ северна Грција, јужна Албанија и јужен Јадран и ќе биде поврзан со европската гасоводната мрежа во јужна Италија (Бриндизи). Владите на Грција и Албанија и дале безрезервна поддршка на овај проект, сметајќи го истиот за најголема енергетска инвестиција на Балканот во последните 100 години. За државите низ кои ќе помине овај гасовод, проектот нема големо значење само поради транзитниот профит и снабдувањето со ефтин енергенс, туку и праги тоа што тие држави ќе се здобијат со важна регионална геополитичка позиција.

Се предвидува поектот да има два крага. Првиот ќе биде – Јонско јадрански гасовод IAP (Ionian Adriatic pipelines) во должина од 516 километри, кој ќе продолжи за Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска, додека вториот краг (WBR – Western Balkan Ring), ќе се приклучи во Струга и низ Македонија ќе продолќи за Косово и Србија. Тука Македонија добива транзитна позиција за разлика од веќе пропаднаатиот проект „Јужен тек“ кој на

државата и нудеше само краг за снабдување, а и тоа не беше сигурно. Дали и овај пат водството на државата пак ќе работи против интересите на својата држава?

Резиме

Паневропските транспортни коридори кои минуваат низ Балканскиот полуостров (IV, V, VII, VIII и X) нудат можност за организација на комбинираниот транспортен сектор, но за нив се потребни некои значајни технолошки подобрувања, посебно на железничките и на патните врски на Коридорот 8 (исток, запад) и Коридорот 10.

REBIS (Regional Balkans Infrastructure Study), кој се однесува на инфраструктурата на балканските држави: Албанија, Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора и Косово, настојува да им помогне на државите од регионот во развојот на кохерентни стратегии за транспортниот инфраструктурен развој. Исто така REBIS внимание ѝ посветува и на основната мрежа на регионалните морски пристаништа Копар (Словенија), Солун (Грција), Драч и Валона (Албанија). Соодветно проектот REBIS, беше предвидено да се потрошат над 2.5 милијарди евра, од кои најголем број се патни проекти. Деталната селекција на железничките проекти за среднорочни планови зависи од подготовката на опфатени бизнис-планови од железнички компании. Краткорочниот инвестициски план вклучува вкупна инвестиција за патната инфраструктура од 2.2 милијарди евра. Ова би требало да се спореди со вкупните инвестициски барања од над 4 милијарди евра до крајот на 2017 година.

На вакви важни регионални ангажмани, за жал Владата на Република Македонија не им придавала потребно значење. Овдешната влада со својата долготрајна погрешна политика ја доведе државата од позицијата - *регионален крстопат*, до состојбата - *балканско слепо црево*. Таа со својата политичка индиферентност и некохерентност практично го елиминирал од европскиот приоритет „Коридорот 8“ (со сите негови попратни компоненти), во вредност од над девет милјарди евра. Освен профитот од транзитот што ќе го добиеше државата, а кој се очекуваше да биде над 80 милиона евра

годишно, овај проект ќе отвораше и многу ефективни работни места- одржување на инфраструктурата, угостителски услуги, бензински пумпи, механичарски услуги итн.

Балканскиот гасовод ТАП (TAP – Trans Adriatic Pipelines) треба да помине низ Грција и Албанија до Италија. Владите на Грција и Албанија и дале безрезервна поддршка на овај проект, сметајќи го истиот за најголема енергетска инвестиција на Балканот во последните 100 години. За државите низ кои ќе помине овај гасовод, проектот нема големо значење само поради транзитниот профит и снабдувањето со ефтин енергенс, туку и прадиоа што тие држави ќе се здобијат со важна регионална геополитичка позиција.

Се предвидува поектот да има два крага. Првиот ќе биде – Јонско јадрански гасовод IAP (Ionian Adriatic pipelines) во должина од 516 километри, кој ќе продолжи за Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска, додека вториот краг (WBR – Western Balkan Ring), ќе се приклучи во Струга и низ Македонија ќе продолќи за Косово и Србија. Тука Македонија добива транзитна позиција за разлика од веќе пропаднаатиот проект „Јужен тек“ кој на државата и нудеше само краг за снабдување, а и тоа не беше сигурно. Дали и овај пат водството на државата пак ќе работи против интересите на својата држава?

Литература:

Cross-Border Oil and Gas Pipelines: Problems and Prospects. UNDP/World Bank Energy Sector Management Assistance Programme (ESMAP), June, 2003.

Keneth P. Green &Taylor Jackson, *Safety in the Transportation of Oil and Gas: Pipelines or Rail?,* (Fraser Research Bulletin , Fraser Institute. Avgust, 2015

Korchemkin Mikhail, *East European Gas analysis*, Malvern, 2016, PA 19355 USA

James T. Jensen. *The Development of a Global LNG Market: Is It Likely? If So, When?* NG5, Oxford Institute of Energy Studies, Oxford, 2004

Mackerron G. and Pearson P.J.G. (eds), *The UK Energy Experience: a Model or a Warning?,*Imperial College Press, London, 1996: pp. 109–122.

Andrassy J., Bakotic B., Vukas B., Medjunarodno pravo, Zagreb, 1998.
Andrassy J., International Law and the Resources of the Sea, New York, 1970.

Andric N., Ekonomski polozaj morskih luka, Pomorstvo, 1969.

Angus W.D., Legal Implications of the Container Revolution in the International Carriage of Goods, McGill Law Journal,14, 1968.

Baxter R.R., "Treaties and Custom" 129 Collected Courses of the Hague Academy of International Law, 1977.

Биљали М, Правото на морето и Република Македонија, ФООМ, Скопје, 2012

Christian Ph., Aspects actuels du droit international des transports, Colloque du mans, Societe Francaise pour le droit international, Edition A. Pedone, Paris Clark B, Transit and the Energy Charter Treaty: Rhetoric and Reality,
Business Law Heriot Watt University, Aberdeen, 1998.

Malcom D. Evans, Blackstone's International Law Documents, 7-th edition 2005, Oxford.

Yana Moyseeva, European Corridor 8's Future Discussed in Bulgaria, The Sofia Echo, 13.11. 2006.

Regional Balkans Infrastructure Study - Transport, European CommissionFinal Report, REBIS Transport Jount Venture, July 2003, http://ec.europa.eu/enlargement/archives/seerecon/infrastructure/sectors/transport/documents/REBIS/Rebis_FR_Final.pdf

A transport strategy for land-locked developing countries. Report of the Expert Group on the Transport infrastructure for Land- Locked Developing Countries (TD/B/453/Add. 1/Rev. 1), United Nations Publication, Sales No. E. 74, II D.

М-р. Весна Попоска

ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА КАКО ТЕМЕЛНА ВРЕДНОСТ НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК: ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ И НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА

„Планетата Земја не ја наследивме од нашите предци,

туку ја позајмивме од нашите внуци“

До каде сме и од каде тргнавме?

Животната средина ужива висока правна позиција во Уставот на Република Македонија како темелна вредност на правниот поредок**.**

Сепак, во последните години, најголемите градови се европски шампиони во загадување, а високо котираат и на светските листи. Досега никој не се произнесе ниту со официјално истражување на изворите на загадување, ниту пак со поконкретни долгорочни мерки за сузбивање на истиот.

Според истражување на Центарот за истражувачко новинарство од 2014, годишно во Македонија има 4 500 нови случаи на канцерогени заболувања, од кои една третина се должат на аерозагадувањето[27].

Вртоглава е сумата колку ова го чини здравствениот систем, економијата, демографијата, и општественото живеење во целост.

Ова не би требало да биде случај со оглед на фактот дека правната рамка како основа за било каква политичка акција, во голем обем ги третира прашањата од областа на еколошката безбедност и заштитата на животната средина. Во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Р. Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ, се вели дека

[27] http://meta.mk/skup-sekoja-godina-novi-4-500-sluchai-na-zaboleni-od-rak/

„Во областа животна средина и климатски промени, земјата е делумно подготвена. Постигнат е одреден напредок во транспонирање на правото на ЕУ, особено, општо во хоризонталното законодавство и квалитет на воздух, како и во законодавството захемикалии.“[28]

Најголем дел од европското законодавство и меѓународните норми се веќе инкорпорирани во националниот правен систем.

Сепак, европските извештаи и од изминатата и од претходните години наоѓаат пропусти во делот на имплементацијата и вложувањето во тој сектор, во смисла на човечки и технички капацитети.

Минатогодишниот извештај посебно го третира аерозагадувањето:

„Беше постигнат одреден напредок во усогласувањето со правото на ЕУ за квалитет на воздух, но нивоата на загадување на воздухот остануваат високи. Тие претставуваат сериозен ризик по здравјето и треба итно да се решат. Спроведувањето на мерки кои се утврдени со Националниот план за заштита на квалитет на воздух останува ограничено и недоволно, иако беа спроведени општи мерки. Известувањето и споделувањето на информации за квалитет на воздух е подобрено. Продолжи транспонирањето на правото на ЕУ за контрола на емисиите од испарливи органски соединенија од употреба на горива, за планирање на заштита на квалитетот на воздух и подобрување на локално ниво. Потребни се соодветни финансиски ресурси за поддршка на мрежата за автоматско следење на квалитетот на воздух.“[29]

Воконтекст на зачленувањето во Европската Унија, Секторот животна средина, односно „Поглавјето 27“ е едно од најкомплексните поглавја за преговори, кое бара исклучителни напори за координација, инвестиции и големи одговорности на централно и локално ниво. Поглавјето бара вклучување на многу владини институции, единиците на локалната самоуправа, научни институции, здруженија на граѓани, како и бизнис секторот за исполнување на националните барања за заштита на животната средина.

[28] http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf
[29]Целиот извештај е досатапен на http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf

Односот помеѓу меѓународното и националното право

Применливоста на меѓународните договори во поредокот на Република Македонија посебно ја разгледуваме во однос на ратификуваните меѓународни договори, договорите кои не подлежат на ратификација од македонското Собрание (ткн. ’владини договори’) и одлуките и правилата усвојувани од организациите или телата основани со меѓународните ратификувани договори.

Во однос на меѓународните ратификувани договори, решението во членот 118 на Уставот предвидува дека овие “... се дел од внатрешниот поредок и не можат да се менуваат со закон.“ Таквата одредба несомнено ја сместува Македонија во редот на земји кои се потпираат на монистичката теорија за одност помеѓу националното и меѓународното право.

Меѓународните договори кои се ратификувани од македонското Собрание согласно со Уставот несомнено уживаат директна применливост, без да има потреба од претходно донесување на национално законодавство. законодавство само “... под услов овие да можат да бидат директно применети.“

За разлика од ратификуваните договори, применливоста и статусот во македонскиот поредок на правно-обврзувачките договори кои што, во форма на протоколи, имплеметирачки спогодби или слични инструменти, или, на автономни правно-обврзувачки спогодби кои ги склучува Владата со други држави без овие да одат на ратификација во македонското Собрание (ткн. ’извршни’ или ’владини’ договори), сосема, не е јасна.

Меѓународни и национални документи

Согласно официјалните информации достапни на веб- страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, Република Македонија е дел од 41 меѓународни мултилатерални договори кои се однесуваат на различни аспекти од областа на животната средина[30].

[30] http://www.moepp.gov.mk/?page_id=4200

Колку одредбите од овие договори се имплементираат и ползуваат останува претпоставка, бидејќи отсуствува поцелосна студија во оваа насока и во оваа област воопшто.

Остануваат и многу отворени прашања, на пример, дали можеби национало воспоставената практика на одбележување „Ден на дрвото“ можеше да биде „протната“ под „Кјото Протоколот“.

Без оглед на прифаќањето на монистичката теорија за практично повнатрешнување на меѓународното право, основните меѓународни принципи се преточени во низа национални национални механизми, стратешки документи и поздаконски акти:

1. Стратегија за води на Република Македонија
2. Стратешки планови на МЖСПП
3. Национална Стратегија за одржлив развој во Република Македонија
4. Национална стратегија за инвестиции во животната средина
5. Национална стратегија за апроксимација во животната средина
6. Национална стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија
7. Подршка за подготовка на Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија
8. Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020)
9. Национална стратегија за механизмот за чист развој 2008-2012 според протоколот од Кјото
10. Стратегија за мониторинг, комуникација, подигање на јавната свест и управување со податоци

Ако се погледне пак националната законска регулатива, листата е исто така долга- од Законот за води, до Законот за заштита на растенијата, преку Законот за квалитет на амбиентален воздух, Закон за заштита на природата, и многу други.

Личен став на авторката е дека иако правната рамка за заштитата на животната средина е поприлично сеопфатна, истата не е доволно интергирана, со што целиот процес е поприлично бирократизиран. Прашањата од животната средина некако се третираат како

споредни, и токму тој пристап не доведе како држава до овој степен на проблеми со загадувањето до кој сме денес.

Со оглед на непосредното опкружување во соседството, па и случувањата кај нас, конфликтите и нивните директни и индиректни ефекти и геополитичката поставеност, на заштитата на животната средина мора да и се обрне должното внимание, ако сакаме да го обезбедиме физичкиот опстанок на државата и населението како предуслов за сите други активности.

Од друга страна, Македонија е земја без излез на море, и е енергетски зависна[31]. Најголем извор на електрична енергија добива од термоелектраните РЕК Осломеј и РЕК Битола, кои користат лигнит- кој сам по себе не е многу калоричен ниту квалитетен. И овие наоѓалиште се со ограничен рок на траење, а иако многу се зборуваше за обновливи извори на енергија и истите се субвенционираа, поголеми ефекти изостанаа.

Најголемиот предизвик- да се зборува отворено за проблематиката

Иако Република Македонија е потписник на Архуската конвенција која се однесува на слободниот пристап до информации поврзани со животната средина, и веќе беа подготвени два периодични извештаи за истата[32], најголемата промена во оваа сфера ја донесе студентска андроид апликација под името „Мој воздух“. Ова сознание зборува многу за потребата од актуелизирање на проблематиката, но и на законодавството и меѓународните стандарди во областа. Недостига експертска дебата, реални и одржливи јавни политики.

[31]http://aktuelno24.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8%D0%BC%D0%B0-479-%D0%BE%D1%82%D1%81%D1%82%D0%BE-%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%B2

[32] Извештаите се достапни на http://www.moepp.gov.mk/?page_id=4167

М-р. Весна Трајановска

ВИДОВИ ВКРСТЕНО ИСПРАШУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ КОН КОНСТРУКТИВНОТО ВКРСТЕНО ИСПРАШУВАЊЕ И НАЧИНИТЕ НА НЕГОВО ПРИМЕНУВАЊЕ

1. Видови вкрстено испрашување. Во основа има три видови вкрстено испрашување: конструктивно (поддржувачко), деструктивно (дискредитирачко), а третиот вид е комбинација од конструктивното и деструктивното испрашување. Во доказната постапка, конструктивното и деструктивното вкрстено испрашување се алтернативни пристапи и се однесуваат на начинот на испрашување на сведоците и на вештаците.

1.1. Со *конструктивното вкрстено испитување* се прави обид да се добијат нови и корисни докази и факти кои сведоците не ги дале во текот на директното испрашување. Преку конструктивното вкрстено испрашување се прави обид без предизвикување, односно дискредитирање на кредибилитетот на сведокот кој бил повикан од спротивната страна, да се извлечат позитивни и погодни докази.

1.2. Додека од друга страна, пак, со ***деструктивното вкрстено испрашување,*** одбраната прави обид да се дискредитира сведочењето дадено од сведоците во директното испрашување како лажно или неверодостојно. Тоа се прави со поставување прашања со што се предизвикува сведокот да не се согласува со поставените прашања, се воспоставува и се одржува контрола над прашањата и единствено, се поставуваат наведувачки прашања на кои треба да се бара одговор само со „да“ или со „не“. Со деструктивното вкрстено испрашување целта е да се уништи или барем сериозно да се повреди кредибилитетот на сведокот или да се ограничи ефектот од неговото сведочење.

При сведочењето на еден сведок може да се искомбинираат и двете форми на испрашување - конструктивниот и деструктивниот пристап. Комбинацијата на конструктивното и деструктивното вкрстено испрашување е најчестиот вид вкрстено испрашување коешто се справува со предностите и суштината на сведочењата на сведоците и со предрасудите и недостигот од квалификации на сведокот. Изборот, сепак, се остава на самиот вкрстен испитувач.

2. Конструктивно вкрстено испрашување. Вкрстеното испрашување често се идентификува со начинот на испрашувањето со кое се дискредитира кредибилитетот на сведоците и веродостојноста на доказите со цел да се уништи или, во најмала рака, да се редуцира таквиот убедувачки ефект на фактите кои се дадени во текот на директното испрашување. Меѓутоа, англискиот експерт Стон смета дека ваквото толкување на вкрстеното испрашување е, сепак, погрешно, бидејќи токму конструктивното вкрстено испрашување може, исто така, да биде важно во текот на испрашувањето на сведоците и доказите добиени од него.[33]

Преку конструктивното вкрстено испрашување се прави обид да се извлечат позитивни и погодни докази од сведокот кој бил повикан од спротивна страна, но без негово дискредитирање. Со ваквиот начин на испрашување се постигнува согласност со сведокот или со вештакот кои се предложени од спротивната страна. Во конструктивното вкрстено испрашување се прави обид да се нагласат недостатоците во квалификациите, академските наспроти практичните проширувајќи се во разни области со кои вештакот не е запознат со литературата осврнувајќи се на сè што тој го има напишано или, пак, на методологијата на неговата работа.[34] Со овој тип вкрстено испрашување и со поставување на прашањата се добиваат одговори кои го поддржуваат и го унапредуваат случајот на вкрстениот испрашувач. Во конструктивното вкрстено испрашување не се користат прашања за да се нападне сведокот. Наместо тоа, се користат прашања за добивање поволна информација од него, пример, прифаќање и потполнување на празнините на определените факти кажани од сведокот. Во ваквиот вид вкрстено испрашување се развива поволен доказ од сведокот повикан од спротивната страна. Станува збор за вметнување поволно сведочење кое ќе биде во корист на случајот кој го застапува вкрстениот испитувач. Тоа се додава на кредибилитетот и веродостојноста на доказите кои одат во негов прилог, иако доаѓаат од сведокот повикан од спротивната страна. Ако вкрстениот испрашувач сака да се потпре врз доказите на сведокот предложен од спротивната страна и

[33] Види: M. Stone, op.cit. стр.157.

[34] CROSS EXAMINATION, Professional Development Network, February 27, 1997, The Renaissance Hotel Nashville, Tennessee David Randolph Smith, DAVID RANDOLPH SMITH & ASSOCIATES, 611 Commerce Street, 3121 The Renaissance Tower Nashville, Tennessee 37219 (615) 742-1775, Cross-examination at trial is controlled by Fed. R. Evid. 611(b); Види:David Paul Brown; "Golden Rules for the Examination of Witnesses'- Philadelphia Bar. Симнато од интернет http://www.Trial Theater.com /New York Bar/ 2009. Книга. MKD. doc (527KB), str.122-124. Види „Tips for Effective Cross-Examination" published in Litigation News, Volume XIII Number 4, Winter 2006.

да се извлечат докази кои го поддржуваат и унапредуваат сопствениот случај, би немало никаква смисла да се напаѓа кредибилитетот на тие сведоци.

Генерално, конструктивното вкрстено испрашување е најдобриот начин на почетокот да се започне со вкрстеното испрашување на секој сведок, дури и со тие кои се сериозни, пристрасни, приврзани или невистинити, па подоцна да биде сменето во деструктивно вкрстено испрашување, ако е неопходно. Се чини дека ваквите пријателски тактики, во нивната најголема пресметана форма, можат да бидат користени за да им наместат стапица на сведоците од спротивната страна. Таквите тактики можат да разоружаат дрзок и предизвикувачки сведок.[35] Откако ќе се предизвика кредибилитетот на сведоците на овој начин, сведоците сами ќе почнат да се борат за поени кај вкрстениот испрашувач за кои од него ќе бараат одобрување.[36]

3. Начини на негово применување. Постојат неколку видови можности и механизми што го овозможуваат конструктивното вкрстено испрашување. Имено, конструктивното вкрстено испрашување може да има четири начини при негово применување, а тоа се, секако, следниве:

3.1. нагласување на нешто во директното испрашување,

3.2. нови осознанија,

3.3. нови факти или

3.4. презентирање алтернативен случај.

3.1. Нагласување претставува ставање на акцентот, односно придавање големо значење на одреден дел од исказот во текот на директното испитување на сведоците. Вкрстениот испитувач прифаќа некои поволни делови од исказот на сведокот или вештакот кој биле испитани во директното испрашување и се обидува да ги зајакне или прошири, без да ги промени, па така, како резултат ќе има подобар и убедлив ефект во доказната постапка. Тој може ова да го направи, така што ќе побара од сведокот да повтори нешто важно или со извлекување на истите докази од дополнителната точка на гледање. Нагласувањето, како еден од видовите на конструктивното вкрстено испрашување, се спроведува преку нагласување на нешто важно во директното

[35] Види: Stone, op. cit., стр 150.

[36] Види поопширно: Stone, op.cit. стр. 149; F.Wellman; и Borough of Manhattan at the present time thirty-threeper cent of the cases tried are appealed, and forty-two per cent of the cases appealed are reversed and sent back for retrial as shown by the court statistics. Симнато од интернет www. Trial Theater.com. 2009 стр.10-20; и Michael G. Karnavas, „Подготовка на теорија на случај и развивање на теорија на случај", Скопје, 10.04.2009 стр.4-6.

испитување од страна на вкрстениот испрашувач со предизвикување на сведоците за да го повторат исказот појасно и поцелосно со покажување на погодните факти кои биле вметнати во релноста на ситуацијата, нивната меѓусебна поврзаност, причина и последица.

Пример, жртвата која го идентификувала обвинетиот во грабеж, може да го изјави следново: *„сè се случи толку набрзина и јас бев многу уплашена, па тој не ме удри со чеканот”.* Во ваквата ситуација, постои простор за нагласување од страна на одбраната. Тука може да се примени формата на истакнување на фактот за брзината на настанот, но и со упатување и на други факти, како што се на пример, краткото време земено од пешакот кој бил на самото место на настанот додека таа ги слушнала истрелите итн. Значи, вкрстениот испрашувач на одбраната може, исто така, да го развие сведочењето во врска со стравот на жртвата од удирање со чеканот што би можело да го натера да се фокусира на тоа, а не на лицето на напаѓачот.[37] Значи, тоа е една можна тактика што може да постави прашање и дава акцент дека штетните факти не биле толку лоши колку што реално можат да бидат.[38] Имено, линијата на испрашувањето, исто така, ќе ја истакне целта дека предметите биле ставени на видно место во собата и се гледале, дека тие биле лесни за носење и дека тие биле еден вид артикли што обично се продаваат во маркетите.[39]

3.2. Нови сознанија. Преку ваквиот начин на конструктивно вкрстено испрашување се прави обид да се извлечат нови сознанија од сведочењето на сведокот или вештакот предложен од спротивната страна и ова, обично, се состои од затворено набљудување на согледаните факти базирани од впечатоците со сугестија дека тие треба да значат нешто друго, а не тоа што го мисли сведокот. Понатаму, можат да се обидат да извлечат нови сознанија од доказите предложени од сведоците на спротивната страна.

Ако на едната страна и е дозволено да изведува такви докази без приговор и дури потоа со аргументирање во врска со допуштеноста, би било фер да се даде можност и право и на другата страна да и биде дозволено вкрстено да го испита сведокот за

[37] Ibid. F. Wellman. op. cit. стр. 160 и стр.6; Karnavas, op.cit. стр: 15-16.

[38] Понатаму, на пример, ако полицијата зборува за најдени украдени предмети во собата на обвинетиот, одбраната може да тврди дека тој нив ги купил во маркетот и дека е невин. Значи, вкрстеното испрашување на одбраната може да нагласи дека кога полицијата дошла до влезната врата на дворот, обвинетиот нив ги поканил во куќата и во дневната соба, иако тие немале налог за претрес.

[39] Такви прашања, како ова, може да биде поставено: „дали Вие г-не Блак приговаравте на вашето влегување во куќата?” и „каде се прикриени предметите на кој било начин?”. Сето ова нагласува дека фактите не се инкриминирачки како што тие можат да бидат. Оваа техника не е логички непогрешлива, но, како убедлив пристап, секако, има вредност. Оттука се чини дека се одбегнува секоја дискредитација на сведоците, тие веројатно ќе соработуваат, најмалку во оваа област на доказите. Ibid.стр. 161.

впечатливите докази. Иако таквиот сведок може непријателски да ги прифати таквите нови значења за набљудуваните факти, ефектот од вкрстеното испрашување може да биде зголемен до таа мерка што ќе го направи судот свесен за ваквата можност или ќе го нагласи тоа.

Во друга ситуација може тешко да се одделат фактите и гледањето на сведоците. Во оваа категорија би припаднале доказите на идентификација на препознавање или сличност. Повторно, проценката на сведоците на неговата ментална или физичка кондиција, чувства или мотиви, во реално време може да биде допуштено. Некои набљудувања се многу неодредени, нејасни, суптилни или двосмислени и можат да бидат комуницирани ефективно без прифаќање на некои лични податоци од набљудувачот.

Различен проблем може да произлезе во деталните докази, каде сведокот зборува дека набљудуваните факти кои можат да бидат неутрални, но кои во комбинација со други набљудувани факти, можат да бидат основа за важни заклучоци. Тука, би било несоодветно за сведоците да ги тврдат нивните гледања, бидејќи само судот може да извлече такви заклучоци од доказите.

Ако вкрстениот испрашувач се обидува да ги презентира новите значења, односно новата смисла на доказите, тој може да го стори ова преку модифицирање на доказите во врска со набљудуваните факти и со соодветни аргументи во неговите завршни зборови. Сведоците кои даваат детални, односно сеопфатни докази, во директното испрашување или во врвкрстеното испрашување не треба да бидат прашани за заклучокот што тие го извлекле од таквите факти.

Доказите кои доаѓаат од впечатоците или импресија на сведоците, исто така, може да бидат дадени во врска со нови сознанија или ситуации. Ова се примери од општите изјави од фактите наследени од набљдувањето на другите посебни факти. Доказите од мислењето на вештаците, исто така, инволвираат значења (мислења) наследени од други факти и се отворени на оваа техника на утврдување нови значења. Ефектите од деталните докази зависат од изведувањето на доказите, додека судот, а не сведоците, прават вакви заклучоци. Во принцип, извлекувањето или модифицирањето на таквите заклучоци е работа за аргументирање во завршните зборови, а не за време на вкрстеното испрашување, одделно од земање на фактите на што можат да бидат базирани заклучоците.[40]

[40] Ibid.

Предноста и недостатокот од поставување конечни, посебни прашања, тука се зголемува. Затоа е потребно да се застане веднаш, што може да биде повпечатливо за судот отколку да се продолжи со поинаквата интерпретација на сведокот. Поентата, исто така, може да биде направена во завршните зборови. Исто така, сведокот нема шанса да ја ослаби или да ја уништи саканата интерпретација со квалификација или со повлекување на неговите поранешни докази. Освен тоа, опонентот може да не успее во намерата да излезе во пресрет на точките од повторното испрашување повикувајќи се на други докази или на конечни аргументи. Од друга страна, поставувањето конечни, посебни прашања, исто така, има свои предности. Сведокот може да прифати нова интерпретација, како корекција признавајќи дека тоа што го рекол во директното испрашување, било погрешно. Во оваа ситуација, техниката била успешна, ако сведокот признава само дека значењето ставено на него е еднакво усогласено со фактите или најмалку со можностите. Алтернативната и поволната верзија од директното испрашување ќе биде презентирана на судот од сведочењето на спротивниот сведок. Ако сведокот го одбие ваквиот начин на поставување на алтернативната верзија, тој ќе изгледа дека е пристрасен.

Со оваа техника, на случајот може да му се даде нова ориентација и перцепција без модифицирање на основните факти. Директното испрашување може да биде ослабено преку поволноста на доказите водена од вкрстениот испрашувач или да биде создадено рационално сомневање во врска со одреден факт што е битен за донесување осудителна пресуда. Предностите се тоа да може да се направи без да се дискредитира сведочењето на сведоците како погрешно или невистинито.

3.3. Нови факти. Преку ваквиот вид на конструктивно вкрстено испрашување можат да се изберат нови факти, односно да се направи обид да се извлечат факти кои не биле кажани во текот на директното испитување од сведокот или вештакот повикан од спротивната страна. Ваквите докази можат да бидат многу убедливи, бидејќи доаѓаат од сведок кој бил претставен од спротивната страна, како веродостоен, доверлив и сигурен.

Типичната и вредносната форма на вкрстеното испрашување се состои од обидот да се донесат нови и важни факти коишто не се однесуваат на директното испрашување. Дали постојат можности од извлекување на еден таков материјал, ќе зависи од темелноста (сеопфатноста) од директното испрашување. Доколку обвинителството пропушти некои факти од испрашувањето, намерно или можеби изгледало дека тие биле безначајни, одбраната може да се обиде да ги изнесе на вкрстеното испрашување. Одбраната не е

обврзана да го изведува секој доказ или да докажува што било, но мора неразумно да го заведува судот. Како и да е, ако за прв пат се појават нови и материјални факти во вкрстеното испрашување, тогаш ова може да биде спротивно на адвокатот кој го повикал тој сведок како сопствен. Тоа може да даде впечаток на лоша верба, недостаток од искреност (непристрасност) и потфат да се прикрие вистината. Се разбира, повремено, ако адвокатот намерно пропушти некои факти во директното испрашување во насока да намести стапица за непретпазливиот (несвесниот) вкрстен испрашувач кој, со зголемување на овие работи, повикува река од несакани сведочења.

Исто така, можно е адвокатите да испуштат нешто важно, едноставно, да направат превид во прецизните околности на кривичното судење. Во оваа ситуација, тие можат да очекуваат дека нивните застапници ќе ги потсетат. Според тоа, постојат многу ситуации во кои вкрстените испрашувачи имаат простор за избирање нови, корисни факти, но тие треба секогаш да бидат од корист и за напуштање на некои очигледни дупки или сомнителни точки во нивниот случај. Ова може да биде повеќе ефективна тактика. Адвокатите имаат тенденција и сакаат сè да биде во експлицитна состојба, но понекогаш, тишината може ним подобро да им послужи. Потрагата по нови докази треба да биде направена само доколку вкрстениот испрашувач знае кои се тие и може да предвиди дека тие ќе бидат корисни и не и единствени, бидејќи тие биле отсутни од главните докази на сведоците.[41]

Како неповолност во врска со барањето нови факти е кога вкрстеното испрашување поврзано со темата што била презентирана неадекаватно во директното испрашување, ќе и даде на страната која го повикала сведокот како свој, право да ги зајакне неговите докази со дополнително испрашување. Ако вкрстениот испрашувач поставува прашања на кој тој не може да ги предвиди одговорите, тој презема ризик и треба да продолжи со големо внимание. Додека вкрстениот испрашувач може да се обиде да го води сведокот со испрашување што сугерира одговори, доказите во врска со новите факти ќе бидат повеќе впечатливи, ако тие не се постигнати со такво наведување, но наведувањето може да биде барано со нерешителни сведоци.

Ако новите и важните факти се изнесени за прв пат во вкрстеното испрашување, тие, најверојатно, ќе бидат убедливи од нивните извори, но влијанието од таквите корисни

[41] Ibid.

докази може да биде редуцирано или одбиено со предизвикување на таквиот сведок во друг однос.

3.4. Алтернативен случај. Четвртиот и последен начин за конструктивно вкрстено испитување е алтернативниот случај. Преку ваквиот вид на конструктивно вкрстено испрашување, вкрстените испрашувачи ја ставаат нивната алтернативна верзија на случајот на секој од нивните сведоци кои се повикани од спротивната страна до одреден степен, каде тој има знаење за релевантните факти. Преку ваквиот начин не се прави обид да се негира што било од исказот на сведокот, бидејќи тоа може да понуди согласност од сведокот за нешто во случајот на вкрстениот испитувач што, ако се добие, би бил позитивен придонес.

Преку наведувачките докази можно е спротивставување на сведоците кои се подложени на вкрстено испрашување. Тоа им дава можност на прифаќање на сведоците, на одбивање или коментирање на презентираните докази од алтернативниот случај кој е презентиран од вкрстениот испрашувач. Неуспехот да се постави еден случај на овој начин, може да има спротивни последици и треба да биде одбегнат.[42]

Најдобриот начин за примена на овој вид конструктивно вкрстено испрашување е преку вкрстено испрашување со помош на едно или две детални наведувачки прашања со што сведокот се прашува дали се согласува со тоа или не се согласува. Идеалното за овој вид конструктивно вкрстено испрашување е тоа што сведокот се ограничува и се контролира со одговори од типот „да” и „не”. Ова минимизира каков било дискредитирачки ефект од исказот на сведокот од спротивната страна. Ставањето на еден случај на сведокот или вештакот предложен од спротивната страна има друга вредност, дури, ако сведокот сам признава дека посакуваната состојба на фактите била можна, иако тој не одел толку далеку за да го прифати тоа. Ако го направи ова обвинителскиот сведок, тогаш одбраната може да го искористи како основа за тврдење дека постои рационален сомнеж што треба да води кон ослободителна пресуда. Како друга придобивка е ставање на еден случај на сведок или вештак предложени од спротивната страна кој е повеќе психолошки отколку логичен, а сугестијата тука се однесува на добро познатата човечка

[42] Ако одговорите кој сведокот ги дава се поволни, отворени, искрени и чесни, презентирањето на случајот, точка по точка, може да помогне со повторување и елаборирање. Во друга рака, ако почетните одговори се негативни или штетни, ќе биде подобро да се сопре зацврстувањето (афирмирањето) на ваквото некорисно сведочење со внесување на обврската да се стави еден случај, колку што е можно побрзо пред ритчето да биде трансформирано во планина.

тенденција на прифаќање идеја, единствено, бидејќи тоа е презентирано, иако не постојат други причини за прифаќање.

Џенифер Џеладин

ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАЈ МЛАДИТЕ РОМКИ

Според Пописот од 2002 година, застапеноста на Ромите од вкупното население во Р.Македонија изнесува приближно 2.7% (53.879)[43], со што Ромите се четвртата по големина етничка заедница во државата (по Македонците, Албанците и Турците). А според неофицијални проценки на локалните ромски невладини организации, застапеноста на Ромите од вкупното население е многу поголема и изнесува дури и до 6%.

Со Стратегијата на Ромите 2005-2015 предвидени се мерки за подобрување и вклучување на Ромите во високото образование мерките се следните:

- задржување на државниот систем на квоти но при тоа да се зголеми квотата за упис на учениците Роми од 2% на 4%, притоа препорака е да се процени за кои факултети секоја учебна година постои интерес (во договор со државно финансирани универзитети);
- Обезбедување на стипендиите за студентите Роми на сите факултети и обезбедуавење на менторска помош;
- При сместувањето во студентските домови да се даде приоритет во листите на студентите –Роми;
- Зголемување на бројот на студенти Роми запишани на факултетите кои продуцираат наставнички кадри со цел да се постигне оптималниот број на обучен ромски кадар;
- Обезбедување обуки за студентите на Педагошкиот факултет за анти-дискриминацијата во образованието, со цел зголемување на сензитивноста на идните професори;

[43] Државен завод за статистика, Попис од 2002 година.

- Создавање услови за отворање на катедра Ромолошки студии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, каде што јазикот ќе биде предмет на настава, а не јазик на кој што ќе се одвива настава, како и да се отвори студиска група на ромски наставен јазик на Педагошкиот факултет;
- Да се стимулира поголема партиципација на Ромите во наставничките кадри на сите државно финансирани универзитети во државата;
- Во наставниот програм „Методика“ на наставничките и педагошките факултети да се внесе посебен дел за обука на идните наставници за работа со етнички мешани класови како и со деца од сиромашни семејства;
- Универзитетската Управа да биде поангажирана во надминување на проблемите на Ромите во образованието;
- Промовирање на активности преку кои ќе се форсира интеракцијата со студентите од други етнички групи;
- Меѓусебна соработка и комуникација на сите Роми кои се средношколци или студенти, имајќи ги предвид досегашните позитивни искуства.

Образованието е еден од приоритетните области за подобрување на состојбата на ромската заедница со посебен акцент на жената Ромка со декадата на Ромите од четрите приоритетни области (образование, вработиување, здраство и домување). Образованието имаше најголем напредог. ИЧП има спроведено истражување за високото обрзование на Ромите во период од 10 години и најголем процент на завршени високо образовани роми има од женската популација но тој број се сеуште е мал за да тие жени/девојки се изборат за своите права и да ја намалат дискриминацијата кон нив.

На годишно ниво, бројот на запишани Роми студенти расте од година во година како и бројот на запишани жени/девојки Ромки и тоа во 2004/2005 од вкупниот број запишани, 57 беа жени, во 2005/2006 расте бројот на 71 жена, 2006/2007 дури 80 жени, 2007/2008 порасна на 86 жени, 2008/2009 се искачи дури на 113 запишани жени, 2009/2010 немаме податоци за поделбата на мажи-жени, (според публикацијата издадена од Државниот Завод за Статистика даден е само вкупен број), 2010/2011 беа запишани 104 жени,

2011/2012 беа 110 жени, 2012/2013 запишани жени се 105, 2013/2014 има најмногу запишани и тоа е 119 жени. Од горенаведените податоци може да се види дека најголем пораст на студенти Ромки има во учебната 2008/2009 и тоа 113 жени.Од графиконот може да се види по години растот и падот при запишување на жени Ромки на државните и приватните факултети во Р. Македонија.



Како најпримамливи факултети при запишување на студентите Роми на државните и приватните факултети се: Правен факултет, Филозофски Факултет, Филолошки Факултет, Економски Факултет, Медицински

Филозофски факултет при Универзитетот Св. „Кирил и Методија“ Скопје - вкупен број на запишани жени студенти Роми во периодот од 2004-2014 149 жени. Најголем број на запишани жени студенти Роми има во учебната 2010/2011 и во 2011/2012 беа запишани по 26 жени.

Правен факултет при Универзитетот Св. „Кирил и Методија“Скопје - вкупен број на запишани жени студенти Роми од 2004-2014 е 74 жени. Најголем број запишани студенти Роми се бележи во учебната 2006/2007 година, најголем број запишани жени студенти Роми во учебната 2005/2006 година се вкупно 15 жена.

Филолошки факултет Скопје при Универзитетот Св. „Кирил и Методија“ Скопје - вкупен број на запишани студенти Роми од 2004-2014 е 71 жени. Најголем број на запишани е во учебната 2006/2007, 10 жени.

Медицински факултет Скопје - вкупен број на запишани студенти Роми од 2004-2014 е 62 жени. Најголем број на запишани жени се во учебната 2011/2012 вкупно 12.

Педагошки факултет Св. „Климент Охридски“ при Универзитетот Св. „Кирил и Методија“ Скопје - вкупен број на запишани студенти Роми од 2004-2014 е 56 жени.

Економски факултет Скопје при Универзитетот Св. „Кирил и Методија“ Скопје - вкупен број на запишани студенти Роми 2004-2014 е 45 жени.

Голема улога има и Ромскиот образовен фонд[44] кои им помага на студентите Роми во стипендирањето не само на жени туку и на мажи и исто така според податоците кои ги имаат на нивната веб страна распределбата на стипендии е под еднаква и за жени и за мажи, а стипендите се покажаа како мотив на се поголем број запишување на ромките на факутет.

Заклучоци

Од достапните публикации од Државен завод за статистика во почетните години од оваа истражување во публикации не се опфатени сите факултети кои што ги има во Р. Македонија а со тоа и ги немаме целокупните податоците за запишани Ромики на државните и приватните факултети во Р.Македонија.

Бројот на студенти Роми од година во година расте при запишувањето на државните и приватните факултети.

Препораки

Државниот завод за статистика треба да ги објави сите негови публикации поврзани со високото образование во Р.Македонија со цел давање на целосен број на запишани Ромки на државните и приватните факултети во Р.Македонија.

[44] http://www.romaeducationfund.hu/

Државните и приватните факултетите да ги ажурираат нивните веб страни односно да се вметне колку годишно Роми конкурираат и колку од нив се запишуваат во истите факултети.

Државата да продолжи со преземените активности кои беа спроведени за високото образование со Стратегијата за Ромите во Р. Македонија.

Стипендирањето кое го добиваат студентите Роми е од голема важност со истото треба да се продолжи и во иднина со цел да имаме се поголем број запишани Ромки на државните и приватните факултети во Р.Македонија.

Проф. Слободан Унковски

МОЛК, ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНОТ

Интервенција за фалсификување на меморијата и културата

Драмата на фалсификување на нашата колективна меморија, и бришењето на континуитетот на нашата култура е всушност длабока драма на сопствениот идентитет на носителот на моменталната моќ овде, на шефот на партијата на власт. Елементи на грандиозност, предимензионираност, проекции, се се' само не реалност, зошто во овој случај, реалноста се трансформира во склад со фиксациите на личноста, наместо таа да ги корегира. Штетата што е направена на нашава сеуште кревка држава и нација е огромна.

Во таа рекомпозиција на реалноста, имаше некаков систем: Најнапред се доведоа во прашање потеклото и културните столбовите на нашата нација, потоа се повторуваше ставот дека од сега почнува се, дека до сега немало ништо.

Во создадениот виртуелен свет, веќе скоро никој не знаеше што точно се случило, а со уривање и корумпирање на печатените и електронски медиуми, просторот за јавен збор драматично и драстично се смали.

Зола ќе можеше во Македонија да го изговори своето Обвинувам, ама тоа ќе немаше каде да се објави.

Се ресетираше меморијата на општеството и на државата, се воспостави зададен најнов почетокот на државата. Значајни автори во повеќе области беа лустрирани со крајно сомнителни постапки, а институциите служеа само по диктат и за целите на режимот.

Граѓаните, реинтерпретацијата на сите аспекти на своето постоење ја добиваат како видео историја, раскажана низ владините квази документарни емисии, во форма на патетична турска ТВ серија, од раскажувачи кои како да биле на лице место: Тогаш Александар слезе од својот коњ, или Гоце сретна други дејци и сл. Реалното шоу, реалноста, и играната реалност од цунамито на турски серии создаваат свет на заплеткани емоции во кој може да се потоне со часови без да се постави ниту едно прашање за својот сопствен живот и за состојбите во својата татковина.

За многумина во македонската култура, молкот беше услов за комотно преживување, без компликации, без загрозување на својот бизнис/творештво. Јасно им беше на сите дека од другата страна е мрачната страна на злоупотребената држава, агресивната владеачка структура, тајните служби. Тоа им беше опасно и привлечно истовреме, страв и фасцинација, творење и потчинетост, гордост и гушење на длабокиот срам.

За оние другите што имаа свое мислење и потреба како некакви факели да го водат народот низ мракот на епохата, Партијата на власт имаше подготвено досијеа и ги изложуваше на закани од најразличен вид од черечење по своите портали и ТВ станиците под целосна контрола, до судење во политички нарачани процеси.

Квазидемократската институција Годишен конкурс на Министерството за култура е антологијски пример на Квака 22: за да добиете проект, треба да конкурира институцијата за вас. За да конкурира институцијата за вас, треба да ве покани за соработка, за да ве покани за соработка треба да сте погоден, односно да имате проект кој ќе одговара на необјавените а секаде присатни принципи на државната уметност. Вашиот проект во Министерството за култура го разгледува тајна комисија, резултатите се објавуваат без сумите кои се определени, а за кои подоцна се гледа дека се драматично различни во една иста област.

Уметноста е најчесто акт на единка со име и презиме, многу често со видливо лице или личност на авторот. Уметникот е изложен. Се знае кој е. Како изгледа. Каде делува. Нема каде а и не може да се скрие.

Молк или говор. Каков говор, за кого? Говор против системот, против диктатурата. Ако уметноста е слобода, говор против гушењето на слободата, против злоупотребата на државата, против корупцијата. Такви ги имаше до скоро една дузина, не повеќе од тоа.

Одреден број уметници пак сметаат дека овој систем конечно ги препознал како квалитетни за прв пат, им дал големи нарачки и кога еден ден како за возврат, се бара од нив да ги завршат нечистите работи за властодржецот, тие му служат без поговор. Зад секој од истакнатите поддржувачи на власта се тегне историја на привилегии, услуги, подмитувања од разни видови, добиени позиции или простени злоупотреби и криминали.

Груевски се појави како нарачател на уметнички работи на големо, како најголем мецена во современата македонска историја. Парите се народни, но тоа не е во моментов важно.

Стотици вајари, сликари, преведувачи, писатели, глумци и режисери, оперски пеачи, музичари, композитори, архитекти, пеачи на народна и забавна музика, издавачи, леари на бронза, клесачи на мермер, и многу други, добија нарачки, работа во обем што не се памети и во димензии што не се знае дали било кога ќе се повторат а камо ли да се надминат.

На овие луѓе лукративноста им помогна да ја проголтаат срамната мисија за генската и историска модификација на македонското ткиво. За нив, во ситуацијата кога државата е единствениот нарачател/финансиер/ можен помагател на творештвото, да го искажеш својот став против неа, или да ги доведеш во прашање нејзините идеи, е како да го заколеш своето златно теле.

Еден уметник, ако е навистина тоа, своите фрустрации, стравови, трауми и внатрешен хаос може да ги артикулира низ своето уметничко дело и да и ги понуди на пубиката, а лидерот на владеачката партија, тоа го прави со реалните животи, со реалната архитектура и систем, со реални (наши) пари, со разнебитување на нашата реална држава, со интервенции на сите нивоа, и во сите области за кои самиот се именува за врвен експерт и единствен судија. Мит е во Скопје дека тој самиот ги одредува местата за споменици, самиот ги корегира висините, го одредува материјалот и е проценител на естетиката. Нема комисии, нема совет, нема закон, нема процедура, освен оние кобајаги процедури на Град Скопје, за кои еден ден ќе се констатира дека не се по закон.

Не е едноставно да се објасни која е таа хипноза кај дел од македонските уметници, која е таа фасцинација и занес со грандоманските проекти на владателот. Денес, со промените во ангажманот на граѓаните, со снимените разговори, со Протестирам, со климањето на позицијата на Екс премиерот, се повеќе уметници се јавуваат и се одвојуваат од режимот, декларирајќи се, можеби задоцнето, како противници на овој начин на владеење...

Еднаш порано мислев да се воспостави датум: кој се изјаснил до тогаш против системот, се смета дека проговорил и дека е првоборец против режимот. Кој молчел, се утврдува како соработник на власта, како поддржувач на погубните политики, како корисник на бенефитите од ваквото владеење, како соучесник во криминалот.

Но уметничката личност не е едноставна за разбирање. Некои ќе речат дека биле уплашени, други биле хипнотизирани, трети само така можеле да преживеат, четврти не сакале да губат години од својот живот кога се во најголем потенцијал. Петтите сватиле

дека само со комплетно ништење на своето мислење, со немање став, со слепа покорност, со продавање на душата на ѓаволот ќе си купат значење и благосостојба. Некои занесени во своето творештво скоро да не забележале што се случува. Уметникот по природа често е слаб и пресензитивен, групите на некои од нив им нудат сигурност, заштита, снага, пари, моќ, значај, потенција. Групите го верификуваат нивниот евентуален талент. Жртвата има повторна потреба да дојде на местото на траумата и повторно да се сретне со Ноќниот портир.

Кога ќе помислам подобро, бидејќи не молчевме, овој режим ни зема десет години од нашето творештво. Нешто особено скапоцено што веќе не може да се врати. Од друга страна, зарем не беше наша задача да ја разбудиме совеста, да укажеме на манипулациите и злоупотребите, на гушењето на секоја форма на критично мислење и на сведување на творештвото овде на апологетско, кастрирано, безлично, лигаво, бесмислено постоење. Зарем не беше наша задача да ги извлечеме од моќната хипноза занесените и заведените од парите што се тркалаат по улица, од сумите што се бројат во милиони? Зарем не беше нашата задача да му ги осветлиме работите на народот, да му ги отвориме очите?

Еднаш споменав еден ќелеш тефтер за запишување кој молчел кога морало да се говори, кој служел кога морало да се покаже отпор. Некои од уметничките служителите на системот се растреперија по тој повод. Денес не го спомнувам, ама не е лошо да си запишуваме што и како.